ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 22,став 1 точка 8 и член 36,став 1 од Законот за локална самоуправа („службен весник на Република Македонија „бр61/04,96/04,67/07,156/09 и 47/11/)и член 162,став 2 од законот за основно образование (Службен весник на Република Македонија „бр.103/08,33/10,116/10,156/10,18/11,51/11 и 6/12,100/12,24/13,41/14,116/14,135/14) Советот на Општина Кичево ,на __ седница ,одржана на __.__.2021 година. го донесе следниот:

**ПРАВИЛНИК**

За методологијата за утврдување на крутериуми за рапределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Кичево

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Кичево.

**Член 2**

Со средствата од блок дотацијата за финансирање на дејноста –основно образование ,трансферирани од Буџетот на Република Македонија распоредени во програма Н1 и потпрограма Н10-основно образованиее ,се врши финансирање на општинските основни училишта :„Христо Узунов„-„др.Владимир Полежиноски„-„Кузман Јосифоски –Питу„-Фаик Коница„-Реџо Рушит Зајази„-„Милто Гура„-Наим Фрашри„-Ѓерѓ Кастриоти Скенербеу„-и Санде Штериоски.

Средствата од став 1 на овој член се распоредуват поединечно на секое општинско основно училиште врз основа на претходното доставените податоци од страна на основните училишта и нивните годишни финансиски нпланови.

**Член 3**

Износот на бруто платите ,кои што се претходно пресметани и дадени како задоложителна обврска по број на вработени се иземени од оваа методологија и се исплатуваат на секое училиште според поднесените пресметки за плата .

Во случај да еден работник ,од одредено училиште,заминува во пензија а тоа работно место не се пополнува со ново вработување средствата во висина на бруто платата за тоа работно место ,по основ на економичност ќе се распределат на тоа училиште како додатни средства во планирање на тековните расходи.

По одбивање на вкупниот износ на бруто платите на сите училишта од износот на годишната блок дотација останатите средства ке се распоредуваат по буџетските корисници согласно утврдените критериуми,така што при реализација на годишните планови ќе може да се користи и наменска сметката 734014039893715.

## Член 4

Распределбата на блок дотацијата за тековние расходи по општинските основни училишта на подрачјето на Општина Кичево ќе се врши по следните критериуми.

-вкупен број на ученици по училишта

-број на ученици со посебни потреби

-број на ученици –кои користат бесплатен превоз

-работа по смени

-број на подрачни училишта.

Согласно овие критериуми и формулата

**Уч=Бо.Уч/Вк.Бо.Уч*100**

Уч- Училиште

Бо.Уч- Вкупен Бод по Училиште

Вк.Бо.Уч- Вкупен Бод за сите Училишта

извршено е следната класификација по единечна мерка бод и процентуална распореденост:

| ООУ | Бод | Проценти |
|---|---|---|
| „ Санде Штериоски„- | 38 | 22% |
| „Христо Узунов„- | 10 | 5.8% |
| „др.Владимир Полежиноски„- | 25 | 14.5% |
| „Кузман Јосифоски –Питу„- | 21 | 12.1% |
| „-Фаик Коница„- | 15 | 8.7% |
| „Реџо Рушит Зајази„- | 21 | 12.1% |
| „Милто Гура„- | 17 | 9.8% |
| „Наим Фрашри„- | 14 | 8.1% |
| „Ѓерѓ Кастриоти Скенербеу„- | 12 | 6.9% |

## Член 5

Средствата од блок дотацијата до општинските основни училишта на подрачјето на Општина Кичево ќе се насочуват преку Секторот за финансиски прашања на Општината Кичево месечно ,односно по нивното трансферирање од страна на Министреството за образованије и наука.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во ,,Службен  гласник на Општина Кичево ,,а ќе се применува од 01.01 до 31.12-2022 година.

Бр. __________

Датум  __.__.2021

Кичево

ПРЕДСЕДАТЕЛ  НА СОВЕТОТ

НА ОПШТИНА КИЧЕВО